Во 2008 година, Мохамад Ешак Акунзада бил талибански провинциски командант за провинцијата Газни, Авганистан и продолжил со активностите во провинцијата и во 2011 година.

(25) **Ага Џан Ализаи** (*познат како* **(а)** Аџи Ага Џан Ализаи **(б)** Аџи Ага Џан **(в)** Ага Џан Алазаи **(г)** Аџи Лои Лала **(д)** Лои Ага) **(Agha Jan**

**Alizai** (*alias* **(a)** Haji Agha Jan Alizai **(b)** Hajji Agha Jan **(c)** Agha Jan Alazai **(d)** Haji Loi Lala **(e)** Loi Agha)**)**.

**Звање:** Аџија. **Датум на раѓање: (а)** 15.10.1963 година**, (б)** 14.2.1973 година**, (в)** 1967 година**, (г)** Околу 1957 година. **Место на раѓање: (а)** Село Хитемчаи, провинција Хелманд, Авганистан**, (б)** Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Управувал со мрежа за трговија со дрога во Хелманд, Авганистан, (**б**) Постојано патувал во Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 4.11.2010 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Ага Џан Ализаи управувал со една од најголемите мрежи на трговија со дрога во Хелманд, Авганистан и обезбедувал средства за Талибанците во замена за заштита на неговите активности поврзани со трговијата со дрога. Во 2008 година, група трговци на дрога, вклучувајќи го и Ализаи, се согласиле да го платат талибанскиот данок за земјиште каде што бил посаден афион во замена за договор да се организира транспорт на наркотични материјали.

Талибанците, исто така, се согласиле да обезбедат сигурност за трговците со дрога и за нивните места за складирање, а трговците да обезбедат засолниште и превоз на талибанските борци. Ализаи, исто така, бил вклучен и во купувањето на оружје за Талибанците и редовно патувал во Пакистан за да се сретне со високите талибански лидери. Ализаи го олеснил и добивањето на лажни ирански пасоши за талибанските членови да патуваат во Иран на обука. Во 2009 година Ализаи обезбедил пасош и финансиски средства за талибански командант да патува во Иран.

(26) **Алах Дад Мати** (*познат како* **(а)** Алахдад**, (б)** Шахидврор, **(в)** Акунд**)** (**Allah Dad Mati** (*alias* **(a)** Allahdad, **(b)** Shahidwror, **(c)** Akhund)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување: (а)** Министер за урбан развој во рамки на талибанскиот режим, **(б)** Претседател на Централна банка (Da Afghanistan Bank) во рамки на талибанскиот режим, **(в)** Директор на авганистанската воздухопловна компанија Аријана во рамките на талибанскиот режим **Датум на раѓање: (а)** Околу 1953 година**, (б)** Околу 1960 година. **Место на раѓање:** Област Спин Болдак, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Изгубил едно стапало при експлозија на нагазна мина, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област на Авганистан/Пакистан, **(в)** Припаѓа на племето Нурзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Алахдад, член на племето Нурзај од Спин Болдак, бил назначен за

министер за градежништво и домување откако претходно имал други работни места во државна служба во рамки на талибанскиот режим.

(27) **Аминула Амин Кудус** (*познат како* **(а)** Мухамад Јусуф, **(б)** Аминула Амин) (**Aminullah Amin Quddus** (*alias* **(a)** Muhammad Yusuf **(b)** Aminullah Amin)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Сарипул (Авганистан) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1973 година. **Место на раѓање:** Село Лој Карез, област Спин Болдак, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Член на Талибанскиот врховен совет од 2011 година, **(б)** Припаѓа на племето Нурзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(28) Мохамад Садик Амир Мохамад (Mohammad Sadiq Amir Mohammad).

**Звање:** **(а)** Алхаџ, **(б)** Маулави. **Причини за наведување:** Директор на Авганистанската трговска агенција, Пешавар, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1934 година. **Место на раѓање:** Провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** SE 011252 (Авганистански пасош). **Други информации:** Пријавен како починат. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Мохамад Садик Амир Мохамад бил член на новата шура мајлис, чие создавње го објавил Мохамед Омар во октомври 2006 година.

(29) **Мухамад Тахер Анвари** (*познат како* **(а)** Мохамад Тахер Анвари, **(б)** Мухамад Тахир Анвари, **(в)** Мохамад Тахре Анвари) **Muhammad Taher Anwari** (*alias* **(a)** Mohammad Taher Anwari, **(b)**Muhammad Tahir Anwari, **(c)** Mohammad Tahre Anwari)).

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** **(а)** Директор за административни работи во рамки на талибанскиот режим, **(б)** Министер за финансии во рамки на талибанскиот режим**. Датум на раѓање:** Околу 1961 година. **Место на раѓање:** Област Зурмат, провинција Пактиа, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Припаѓа на племето Андар. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Местото на Мухамад Тахер Анвари како директор за административни работи припадна под Советот на министри во рамки на талибанскиот режим, што беше на највисоко ниво во рамки на талибанската хиерархија. Исто така, работел како министер за финансии во рамки на

талибанскиот режим.

Исто така, ги пишувал говорите на талибанскиот врховен лидер Мохамед Омар (TI.O.4.01).

(30) Арефула Ареф (Arefullah Aref).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** **(а)** Заменик министер за финансиии во рамки на талибанскиот режим, **(б)** Гувернер на провинцијата Газни во рамки на талибанскиот режим, **(в)** Гувернер на провинцијата Пактиа во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1958 година. **Место на раѓање:** **(а)** Област Зурмат, провинција Пактиа, Авганистан, **(б)** Област Андар, провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Припаѓа на племето Андар. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

(31) **Сајед Есматула Асем** (*познат како* **(а)** Есматула Асем, **(б)** Асматула Асем) (**Sayed Esmatullah Asem** (*alias* **(a)** Esmatullah Asem **(b)** Asmatullah Asem)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** **(а)** Заменик министер за спречување на пороци и пропагирање на морални вредности во рамки на талибанскиот режим, **(б)** Генерален секретар на Авганистанското здружение на црвената полумесечина (АРЦС) во рамки на талибанскиот режим**. Датум на раѓање:** Околу 1967 година. **Место на раѓање:** Калаји Шаик, област Чапархар, провинција Нангархар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Член на Талибанскиот врховен совет од мај 2007 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(в)** Член на талибанската шура во Пешавар, **(г)** Одговорен за активноста на Авганистанските талибанци во федерално административните племенски области, Пакистан од 2008 година. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Во периодот на неговото наведување на список, Сајед Есматула Асем работел како генерален секретар на Авганистанското здружение на црвената полумесечина (АРЦС) под талибански режим. Од мај 2007 година, станал член на талибанското раководство. Исто така, тој бил член на регионалниот талибански совет од 2009 година.

Сајед Есматула Асем раководел со група на талибански борци во областа Чапархар, провинција Нангархар, Авганистан. Тој бил талибански командант во областа Конар, кој испорачувал бомбаши-самоубијци до неколку провинции во источен Авганистан од 2007 година.

Кон крајот на 2008 година, Сајед Есматула Асем бил одговорен за

талибанската попатна база во пограничната област Авганистан/Пакистан.

(32) Атикула (Atiqullah).

**Звање:** **(а)** Аџија**,** **(б)** Мула. **Причини за наведување:** Заменик министер за јавни работи во рамки на талибанскиот режим. **Место на раѓање:** Област Аргадаб, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:**

**(а)** Член на Комисијата за политика на Талибанскиот врховен совет од 2010 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(в)** Припаѓа на племето Какар. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

По преземањето на Кабул од страна на Талибанците во 1996 година, Атикула беше назначен на позиција во Кандахар. Во 1999 или 2000 година, тој беше избран за прв заменик министер за земјоделство, а потоа за заменик министер за јавни работи во рамки на талибанскиот режим.

По падот на талибанскиот режим, Атикула стана талибански оперативен офицер во јужниот дел на Авганистан. Во 2008 година, тој стана заменик на талибанскиот гувернер во провинцијата Хелманд, Авганистан.

(33) Азизирахман Абдул Ахад (Azizirahman Abdul Ahad).

**Звање:** Господин. **Причини за наведување:** Трет секретар, Талибанска амбасада, Абу Даби, Обединети Арапски Емирати. **Датум на раѓање:** 1972 година. **Место на раѓање:** Област Шега, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Бр. на национална идентификација:** 44323 (Авганистанска национална карта за идентификација (тазкира)). **Други информации:** Припаѓа на племето Хотак. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(34) **Абдул Гани Барадар Абдул Ахмад Турк** (*познат како* **(а)** Мула Барадар Акунд **(б)** Абдул Гани Барадар) **(Abdul Ghani Baradar Abdul Ahmad Turk** (*alias* **(a)** Mullah Baradar Akhund **(b)** Abdul Ghani Baradar)).

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** Заменик министер за одбрана во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање:** Село Јатимак, област Деравод, провинција Урузган, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Уапсен во февруари 2010 година и се наоѓа во затвор во Пакистан, **(б)** Барање за екстрадикција во Авганистан во постапка во Вишиот суд во Лахоре, Пакистан од јуни 2011 година, **(в)** Припаѓа на племето Попалзаи, **(г)** Висок талибански воен командант и член на талибанскиот „Совет Квета“ од мај 2007 година. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Абдул Гани Барадар бил висок талибански воен командант и член на талибанското раководство од февруари 2010 година.

Како талибански заменик министер за одбрана, тој се сметал за еден од замениците на Мохамед Омар ((TI.O.4.01) и го предводел талибанскиот оддел за воени прашања.

Тој бил клучен член на талибанската мрежа и ги организирал талибанските активности против авганистанската влада и Меѓународните сили за безбедносна помош во блиска соработка со талибанскиот министер за одбрана, Убаи-дула Акунд (Ubai-dullah Akhund (TI.A.22.01)).

(35) Шахабудин Делавар (Shahabuddin Delawar).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик на Вишиот суд во рамките на талибанскиот режим. **Датум на раѓање: (а)** 1957 година,

**(б)** 1953 година. **Место на раѓање:** Провинција Логар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Заменик раководител на талибанската амбасада во Ријад, Саудиска Арабија до 25 септември 1998 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(36) **Дост Мохамад (*познат како* Дуст Мохамад) (Dost Mohammad (*alias* Doost Mohammad)).**

**Звање: (а)** Мула, **(б)** Маулави. **Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Газни во рамките на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Помеѓу 1968 и 1973 година. **Место на раѓање:** Село Нави Дех, област Даман, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Поврзан со Мула Џалил Хакани, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(в)** Припаѓа на племето Попалзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Дост Мохамад, од талибанското раководство, исто така, бил именуван да се грижи за воени активности во Ангора, во провинцијата Нуристан во Авганистан.

Од март 2010 година, Дост Мохамад бил талибански гувернер во сенка на провинцијата Нуристан и водач на мадраса од која регрутирал борци.

(37) **Мохамад Азам Елми** (*познат како* Мухамад Азами) **Mohammad Azam Elmi** (*alias* Muhammad Azami).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за рударство и индустрија во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање:** Област Сајд Карам, провинција Пактиа, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** пријавен за починат во 2005 година. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(38) **Фаиз (Faiz).**

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Раководител на Оддел за информирање, Министерство за надворешни работи во рамки на талибански режим. **Датум на раѓање:** Околу 1969 година. **Место на раѓање:** Провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(39) **Рустум Ханафи Хабибула** (*познат како* **(а)** Ростам Нуристани **(б)** Ханафи Сахиб) **(Rustum Hanafi Habibullah** (*alias* **(a)** Rostam Nuristani **(b)** Hanafi Sahib)**).**

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за јавни работи во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1963 година. **Место на раѓање:** Дара Колум, област До Аб, провинција Нуристан, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Талибански член одговорен за провинцијата Нуристан, Авганистан од мај 2007 година, **(б)** Припаѓа на племето Нуристани. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(40) Гул Амад Хакими (Gul Ahmad Hakimi).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Трговско аташе, Талибански Генерален конзулат, Карачи, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1964 година. **Место на раѓање: (а)** Провинција Логар, Авганистан, **(б)** Провинција Кабул, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Гул Ахмад Хакани, исто така, бил генерален директор на Одделот за средно образование при Министерство за образование во Кабул во рамки на талибанскиот режим пред да биде испратен во Карачи во 1996 година.

(41) Абдула Хамад Мохамад Карим (*познат како* ал-Хамад) (Abdullah Hamad Mohammad Karim (*alias* al-Hammad)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Генерален конзул, Талибански Генерален конзулат во Квета, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1972 година. **Место на раѓање:** Село Дарвешан, зона Хазар Јуфт, област

Гармсер, провинција Хелманд, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** D 000857 (издаден на 20.11.1997 година). **Бр. на национална идентификација:** 300786 (авганистанска национална карта за идентификација (тазкира)). **Други информации: (а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Припаѓа на етничката група Балоч. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(42) Хамдула Алах Ноор (Hamdullah Allah Noor)

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Аташе за репатријација, Талибански Генерален конзулат во Квета, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1973 година. **Место на раѓање:** Област Број 6, град Кандахар, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Бр. на национална идентификација:** 4414 (Авганистанска карта за идентификација (тазкира)). **Други информации: (а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Припаѓа на етничката група Балоч**. Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(43) **Забихула Хамиди** (*познат како* **Таџ Мир) (Zabihullah Hamidi** (*alias* Taj Mir))

**Причини за наведување:** Заменик министер за високо образование во рамки на талибанскиот режим. **Место на раѓање:** Село Пајен Баг, област Кахмард, провинција Бамјан, Авганистан. **Адреса:** Зона Дашти Шор, Мазари Шариф, провинција Балк, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(44) **Дин Мохамад Ханиф** (*познат како* Кари Дин Мохамад) **(Din Mohammad Hanif** (*alias* Qari Din Mohammad)**).**

**Звање:** Кари. **Причини за наведување: (а)** Министер за планирање во рамки на талибанскиот режим**, (б)** Министер за високо образование во рамки на талибанскиот режим**. Датум на раѓање:** Околу 1955 година. **Место на раѓање:** Село Шакарлаб, област Џафтали Паин, провинција Бадакшан, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Член на Талибанскиот врховен суд одговорен за провинциите Такар и Бадакшан; **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(45) **Абдул Џалил Хакани** (*познат како* **(а)** Абдул Џалил Акунд, **(б)** Мула Актар, **(в)** Назар Џан) (**Abdul Jalil Haqqani** (*alias* **(a)** Abdul Jalil Akhund **(b)** Mullah Akhtar **(c)** Nazar Jan))

**Звање: (а)** Маулави, **(б)** Мула**. Причини за наведување:** Заменик министер за надворешни работи во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1963 година. **Место на раѓање: (а)** Област Аргандааб, провинција Кандахар, Авганистан**, (б)** Град Кандахар, провинција

Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** OR 1961825 (издаден на име Мула Актар, на 4 февруари 2003 година од Авганистанскиот конзулат во Квета, Пакистан, истечен на 2 февруари 2006 година. **Други информации: (а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Член на Талибанскиот врховен совет од мај 2007 година, **(в)** Член на Комисијата за финансии на Талибанскиот совет. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(46) **Бадрудин Хакани** (*познат како* Атикула) **(Badruddin Haqqani** (*alias* Atiqullah)**).**

**Адреса:** Мирам Шах (Miram Shah), Пакистан. **Датум на раѓање:** Околу 1975-1979 година. **Други информации: (а)** оперативен командант на мрежата Хагани и член на талибанската шура во Мирам Шах, **(б)** помогнал во водење на нападите против целите во југоисточен Авганистан**, (в)** син на Џалалудин Хакани (Jalaluddin Haqqani), брат на Сирајудин Џалалудин Хакани (Sirajuddin Jallaloudine Haqqani) и Насирудин Хакани (Nasiruddin Haqqani), внук на Калил Ахмед Хакани (Khalil Ahmed Haqqani). **Датум на посочување од страна на ОН:** 11.5.2011 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Бадрудин Хакани е оперативен командант за мрежата Хакани, група на милитанти поврзана со Талибанците која работи од Агенцијата за Северен Вазиристан во федерално административните племенски области на Пакистан. Мрежата Хакани беше во првите редови на бунтовничките активности во Авганистан, одговорна за многу сериозни напади. Раководството на мрежата Хакани го сочинуваат тројцата најстари синови на нејзиниот основач Џалалудин Хакани, кој му се приклучи на талибанскиот режим на Мула Мохамед Омар кон средината на деведесетите години. Бадрудин е син на Џалалудин и брат на Насирудин Хакани и Сирајудин Хакани, како и внук на Калил Ахмед Хакани.

Бадрудин помага во водењето на бунтовниците и странските борци поврзани со Талибанците во нападите врз целите во југоисточен Авганистан. Бадрудин е член на талибанската шура Мирам Шах, кој има власт над активностите на мрежата Хакани.

Исто така, се смета дека Бадрудин е одговорен за киднапирањата за мрежата Хакани. Тој е одговорен за киднапирањето на бројни Авганистанци и странски државјани во пограничниот регион Авганистан-Пакистан.

(47) Езатула Хакани Кан Сајид (*познат како* Езатула Хакани) (Ezatullah Haqqani Khan Sayyid (*alias* Ezatullah Haqqani)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за

планирање во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1957 година. **Место на раѓање:** Област Алингар, провинција Лагман, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Член на талибанската шура Пешавар од мај 2008 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Езатула Хакани првично бил наведен на списокот како Маулави Езатула на 23 февруари 2001 година. Додавањето на „Хакани“ беше направено на списокот на 27 септември 2007 година.

Од 2009 година, Езатула Хакани бил член на регионалниот талибански совет.

(48) **Џалалудин Хакани** (*познат како* **(а)** Џалалудин Хакани, **(б)** Џалалудин Хакани**, (в)** Џалалоудун Хакани**). (Jalaluddin Haqqani** (*alias* **(a)** Jalaluddin Haqani**, (b)** Jallalouddin Haqqani**, (c)** Jallalouddine Haqani))

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Министер за гранични прашања во рамките на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** **(а)** Околу 1942 година**, (б)** Околу 1948 година**. Место на раѓање:** **(а)** Зона Гарда Сарај, област Ваза Задран, провинција Пактиа, Авганистан; **(б)** Област Нека, провинција Пактика, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Татко на Сирајудин Џалалудин Хакани; Насирудин Хакани и Бадрудин Хакани (Sirajuddin Jallaloudine Haqqani; Nasiruddin Haqqani, Badruddin Haqqani); **(б)** Брат на Мохамад Ибрахим Омари и Калил Ахмед Хакани (Mohammad Ibrahim Omari, Khalil Ahmed Haqqani)**; (в)** Тој е активен талибански лидер**,** **(г)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(д)** Од 2008 година е раководител на талибанската шура Мирам Шах, **(ѓ)** Припаѓа на племето Задран. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Џалалудин Хакани е во блиска врска со Осама бин Ладен и Мохамед Омар. Тој му е татко на Сираџудин Џалалудин Хакани (Sirajuddin Jallaloudine Haqqani) и е активен лидер на Талибанците. Џалалудин Хакани, исто така, е врската помеѓу Ал-Каеда и Талибанците во 2007 година. Тој бил Претседавач на талибанскиот „Совет Мирам Шах“ од јуни 2008 година.

Тој првично бил командант за групата Маулавуи Хезби Ислами во провинциите Кост, Пактика и Пактиа. Подоцна им се приклучил на Талибанците и бил именуван за Министер за гранични прашања. По пропаѓањето на талибанскиот режим, заедно со елементите од режимот

на Талибанците и Ал-Каеда, тој избегал во северен Вазиристан и започнал да ја регрупира неговата милиција за борба против Владата на Авганистан.

Хакани бил обвинет за вклученост во бомбардирањето на индиската амбасада во Кабул во 2008 година и обидот за атентат на претседателот Карзаи во текот на воената парада во Кабул порано истата година. Хакани, исто така, бил вмешан во напад на згради на министерства во Кабул во февруари 2009 година.

(49) **Калил Ахмед Хакани** (*познат како* **(а)** Калил Ал-Раман Хакани, **(б)** Калил ур Рахман Хакани, **(в)** Калел Хакани) **(Khalil Ahmed Haqqani** (*alias* **(a)** Khalil Al-Rahman Haqqani**, (b)** Khalil ur Rahman Haqqani, **(c)** Khaleel Haqqani)**).**

**Звање:** Аџија. **Адреса: (а)** Пешавар, Пакистан**, (б)** во близина на Дергеј Мандај Мадраса во селото Дергеј Мандај, во близина на Мирам Шах, Агенција за Северен Вазиристан (NWA), Федерално управувани племенски области (FATA), Пакистан, **(в)** село Кајла во близина на Мирам Шах, Агенција за Северен Вазиристан (NWA), Федерално управувани племенски области (FATA), Пакистан, **(г)** село Сарана Задран, провинција Пактиа, Авганистан. **Датум на раѓање: (а)** 1.1.1966 година, **(б)** помеѓу 1958 и 1964 година. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Висок член на мрежата Хакани кој работи надвор од Северен Вазиристан во федерално управуваните племенски области на Пакистан, **(б)** Претходно патувал и собирал финансиски средства во Дубаи, Обединети Арапски Емирати **(в)** Брат на Џалалудин Хакани и вујко на Сирајудин Џалалудин Хакани**. Датум на посочување од страна на ОН:** 9.2.2011 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Калил Ахмед Хакани е висок член на мрежата Хакани, група на милитанти поврзана со Талибанците која работи од Агенцијата за Северен Вазиристан во Федерално управуваните племенски области на Пакистан. Во првите редови на бунтовничката активност во Авганистан, мрежата Хакани беше основана од страна на братот на Калил Хакани, Џалалудин Хакани (TI.H.40.01.), кој се приклучил на талибанскиот режим на Мула Мохамед Омар кон средината на деведесетите.

Калил Хакани се ангажира во активности на собирање средства во име на Талибанците и на мрежата Хакани, често патува надвор од државата за да се сретне со финансиски поддржувачи. Почнувајќи од септември 2009 година, Калил Хакани патувал во земјите од Заливот и собрал средства од тамошни извори, како и од извори во јужна и источна Азија.

Калил Хакани, исто така, обезбедува поддршка на Талибанците и на мрежата Хакани кои работат во Авганистан. Од почетокот на 2010 година, Калил Хакани обезбедил средства за талибанските ќелии во провинцијата Логар, Авганистан. Во 2009 година, Калил Хакани

обезбедил и контролирал околу 160 борци во провинцијата Логар, Авганистан, и бил еден од неколку луѓе одговорни за затворање на непријателските затвореници заробени од страна на Талибанците и мрежата Хакани. Калил Хакани преземал наредби за талибанските активности од Сирајудин Хакани, неговиот внук.

Калил Хакани, исто така, дејствувал во име на Ал Каеда и се поврзува со нејзините воени активности. Во 2002 година, Калил Хакани пратил луѓе да се зајакнат елементите на Ал Каеда во провинцијата Пактиа, Авганистан.

(50) Мохамад Мослим Хакани Мухамади Гул (*познат како* Мослим Хакани) (Mohammad Moslim Haqqani Muhammadi Gul (*alias* Moslim Haqqani)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување: (а)** Заменик министер за аџилак и религиозни прашања во рамки на талибанскиот режим, **(б)** Заменик министер за високо образование во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** 1965 година. **Место на раѓање:** Село Горган, област Пул-е-Кумри, провинција Баглан, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Бр. на национална идентификација:** 1136 (авганистанска национална карта за идентификација (тазкира)). **Други информации: (а)** Етнички Паштун од провинција Баглан, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Мохамад Мослим Хакани, исто така, работел како заменик министер за високо образование во рамки на талибанскиот режим. Ова посочување било додадено на списокот на 18 јули 2007 година.

(51) Мохамад Салим Хакани. (Mohammad Salim Haqqani)

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за спречување на криминал и пропагирање на добри односи во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1966-1967 година. **Место на раѓање:** Област Алингар, провинција Лагман, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Заменик командант на Езатула Хакани Кан Сајид од март 2010 година; **(б)** Член на Талибанскиот воен совет на Пешавар од јуни 2010 година; **(в)** Припаѓа на етничката група Пашаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Во 2006 година, Мохамад Салим Хакани бил член на Талибанскиот совет кој планирал напади против силите на авганистанската влада во провинцијата Лагман, Авганистан. Тој бил талибански командант за

провинцијата кон крајот на 2004 година.

(52) **Насирудин Хакани** (*познат како* **(а)** Насер Хакани, **(б)** Д-р Насер Хакани, **(в)** Насир Хакани, **(г)** Нашир Хакани, **(д)** Насерудин, **(ѓ)** Д-р Алим Гаир) **(Nasiruddin Haqqani** (*alias* **(a)** Naseer Haqqani, **(b) Dr Naseer Haqqani, (c) Nassir Haqqani, (d) Nashir Haqqani, (e)** Naseruddin, **(f)** Dr Alim Ghair)**).**

**Адреса:** Пакистан. **Датум на раѓање:** Околу 1970-1973 година. **Место на раѓање:** Област Нека, провинција Пактика, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Лидер на мрежата Хакани, што функционира надвор од Северен Вазиристан во Федерално управуваните племенски области на Пакистан. Син на Џалалудин Хакани. Тој патувал во Саудиска Арабија и Обединетите Арапски Емирати за да собира средства за Талибанците. **Датум на посочување од страна на ОН:** 20.7.2010 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Мрежата Хакани е група на милитанти поврзана со Талибанците која работи од Агенцијата за Северен Вазиристан во Федерално управуваните племенски области на Пакистан. Таа беше во првите редови на бунтовничка активност во Авганистан, одговорна за многу напади врз високи функционери. Раководството на мрежата Хакани го сочинуваат тројцата најстари синови на Џалалудин Хакани, од кои еден е Насирудин Хакани.

Насирудин Хакани има улога на емисар за мрежата Хакани и голем дел од своето време го поминува во собирање пари. Во 2004 година, Хакани патувал во Саудиска Арабија со талибански соработник за да соберат финансиски средства за Талибанците. Тој, исто така, обезбедил финансиски средства во 2004 година за милитантите во Авганистан за да ги попречи претседателски избори во Авганистан. Некаде од 2005-2008 година, Насирудин Хакани собрал финансиски средства за мрежата Хакани преку различни патувања за собирање финансиски средства, вклучувајќи ги и редовните патувања во Обединетите Арапски Емирати во 2007 година и преку патувања за собирање на средства во друга држава во Заливот во 2008 година. Од средината на 2007 година, Хакани, наводно, имал три главни извори на финансирање: донации од регионот на Заливот, трговија со дрога и плаќања од Ал-Каеда. Кон крајот на 2009 година, Насирудин Хакани добил неколку стотици илјади долари од личности поврзани со Ал-Каеда на Арапскиот Полуостров кои требало да се искористат за активностите на мрежата Хакани.

(53) **Сајед Мохамед Хакани** (*познат како* Сајед Мохамад Хакани) **(Sayyed Mohammed Haqqani** (*alias* Sayyed Mohammad Haqqani)**).**

**Звање:** Мула. **Причини за наведување: (а)** Директор на административните работи во рамките на талибанскиот режим, **(б)** Шеф на информации и култура во провинцијата Кандахар во рамки на

талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1965 година. **Место на раѓање:** Село Чахарбаг, област Аргандаб, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Дипломирал на Хаканија Мадраса во Акора Катак, Пакистан, **(б)** Се смета дека има блиски односи со талибанскиот лидер Мула Мохамад Омар, **(в)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(г)** Член на Талибанскиот врховен совет од јуни 2010 година, **(д)** Припаѓа на племето Баракзај. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Сајед Мохамед Хакани е поврзан со Гулбудин Хекматјар (Gulbbudin Hekmatyar) и е долгогодишен поддржувач на Мула Мохамед Омар. Како директор на административните работи на талибанскиот режим, тој им разделил авганистански лични карти на странците поврзани со Ал Каеда кои се бореле во Авганистан и собрал голем износ финансиски средства од нив.

Сајед Мохамед Хакани неколку пати се сретнал со Ајман Мухамед Раби ал-Завахири (Aiman Muhammed Rabi al-Zawahiri) и Фарад (Farhad), секретар на Мохамед Омар, во 2003 и 2004 година. Тој отворил книжарница на пазарот во Киса Квани (Qissa Khwani), Пешавар, Пакистан, која е вмешана во финансирањето на Талибанците. Тој сè уште бил активен талибански бунтовнички лидер во март 2009 година.

(54) **Сираџудин Џалалудин Хакани** (*познат како* **(а)** Сираџ Хакани, **(б)** Сераџудин Хакани**, (в)** Сираџ Хакани, **(г)** Сараџ Хакани, **(д)** Калифа) **(Sirajuddin Jallaloudine Haqqani** (*alias* **(a)** Siraj Haqqani, **(b)** Serajuddin Haqani, **(c)** Siraj Haqani**, (d)** Saraj Haqani**, (e)** Khalifa**)).**

**Причини за наведување:** На'иб Амир (Na'ib Amir) (Заменик командант). **Адреса:** **(а)** Околина Кела/околина Данда, Мирамша (Kela neighbourhood/Danda neighbourhood, Miramshah) Северен Вазиристан, Пакистан, **(б)** Манба'ул улоом Мадраса, Мирамша (Manba'ul uloom Madrasa, Miramshah), Северен Вазиристан, Пакистан, **(в)** Дергеј Мандај Мадраса, Мирамша (Dergey Manday Madrasa, Miramshah), Северен Вазиристан, Пакистан. **Датум на раѓање:** Околу 1977/1978 година. **Место на раѓање:** **(а)** Данда, Мирамша, Северен Вазиристан, Пакистан, **(б)** село Срана, област Гарда Сарај, провинција Пактиа, Авганистан, **(в)** област Нека, провинција Пактика, Авганистан, **(г)** провинција Кост, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Од 2004 година, главен оперативен командант во источните и јужните региони на Авганистан. **(б)** Син на Џалалудин Хакани. **(в) П**рипаѓа на блокот Султан Кел, од племето Зардан од Гарда Сарај во провинцијата Пактиа, Авганистан. **(г)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 13.9.2007 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за**

**наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Сираџудин Џалалудин Хакани е еден од најважните, највлијателни, најспособни и најискусни лидери во рамки на мрежата Хакани, група на борци кои се во блиска врска и со Талибанците и со Ал-Каеда и бил еден од главните оперативни команданти на мрежата од 2004 година.

Голем дел од овластувањата и надлежностите на Сираџудин Хакани се должат на неговиот татко, Џалалудин Хакани, поранешен министер во рамки на талибанскиот режим, кој бил воен командант и посредник за Ал-Каеда и Талибанците од двете страни на границата Авганистан/Пакистан. Во текот на неговиот мандат како министер во рамки на талибанскиот режим, Џалалудин Хакани воспоставил многу блиски врски со Ал-Каеда.

Сираџудин Хакани е силно поврзан со Талибанците кои му обезбедуваат финансии за неговите активности. Тој, исто така, прима финансиски средства од различни други групи и поединци, вклучувајќи и наркомафијаши.Тој е клучен канал за терористичките активности во Авганистан и активностите за поддршка во Федерално управуваните племенски области во Пакистан. Неговите врски со Талибанците беа објавени во мај 2006 година од страна на Мула Дадула, во тоа време еден од врвните талибански воени команданти, кој тврдел дека работел со Сираџудин Хакани и планирал активности заедно со него. Тој, исто така, има врски со Џаиш-и-Мохамед (Jaish-i-Mohammed).

Сираџудин Хакани активно е вклучен во планирањето и извршувањето на напади кои ги имаат за цел Меѓународните сили за безбедносна помош (ИСАФ), авганистанските службени лица и цивили, главно во источните и јужните региони на Авганистан. Тој, исто така, постојано регрутира и испраќа борци во провинциите Кост, Пактиа и Пактика во Авганистан.

Сираџудин Хакани бил вклучен во самоубиствен бомбашки напад врз автобус на Полициската академија во Кабул на 18 јуни 2007 година во кој биле убиени 35 полициски службеници.

(55) **Абдул Хаи Хазем Абдул Кадер** (*познат како* Абдул Хаи Хазем) **(Abdul Hai Hazem Abdul Qader** (*alias* Abdul Hai Hazem))

**Звање: (а)** Маулави, **(б)** Мула. **Причини за наведување:** Прв секретар во талибанскиот Генерален конзулат, Квета, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1971 година. **Место на раѓање:** Село Пашавал Јаргатоо, област Андар, провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** D 0001203 (Авганистански пасош). **Адреса: (а)** Село Илтифат, област Шакардара, провинција Кабул, Авганистан, (**б**) Зона Пули Чарки, област број 9, град Кабул, провинција Кабул. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(56) **Хидајатула** (*познат како* Абу Тураб) **(Hidayatullah** (*alias* Abu Turab)**).**

**Причини за наведување:** Заменик министер за цивилно воздухопловство и туризам во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање:** Област Аргандаб, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Припаѓа на племето Гилзаи**. Датум на посочување од страна на ОН:** 8.3.2001 година.

(57) Абдул Рахман Ахмад Хотак (*познат како* Хотак Сахиб) (Abdul Rahman Ahmad Hottak (*alias* Hottak Sahib)).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** **(а)** Заменик (културен) министер за информирање и култура во рамките на талибанскиот режим; **(б)** Раководител на конзуларно одделение во Министерство за надворешни работи во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1957 година. **Место на раѓање:** Провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан**,** **(б)** Припаѓа на племето Хотак**. Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** Министер за комуникации во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1953 година. **Место на раѓање:** Село Талуган, област Панџваи, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Член на Талибанскиот врховен совет од 2009 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(в)** Припаѓа на племето Нурзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(97) **Мохамад Хасан Рахмани** (*познат како* Гуд Мула Мохамад **Хасан) (Mohammad Hasan Rahmani** (*alias* Gud Mullah Mohammad **Hassan**)).

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Кандахар (Авганистан) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1963 година. **Место на раѓање: (а)** Област Дех Равуд, провинција Урузган, Авганистан, **(б)** Област Чора, провинција Урузган, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Има протеза на десната нога, **(б)** Член на Талибанскиот

врховен совет и заменик на Мула Мохамед Омар од март 2010 година, **(в)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(г)** Припаѓа на племето Ачакзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(98) Хабибулах Решад (Habibullah Reshad)

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** Раководител на Одделот за истраги, Министерство за безбедност (разузнавање) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Помеѓу 1968 и 1973 година. **Место на раѓање:** Област Вагаз, провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Заменик раководител (за разузнавање) на Воениот совет во Квета од 2009 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(99) Абдулаи Салек (Abdulhai Salek).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Урузган во рамки на талибанскиот режим. **Место на раѓање:** Област Чаки Вардак, провинција Маидан Вардак, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Пријавен за починат, **(б)** Припаѓа на племето Вардак. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(100) **Хамдула Сунани (***познат како* Санани) (**Hamdullah Sunani** (*alias* Sanani))

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Директор на Врховниот суд во Дар-ул-Ефта (Оддел Фатва) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1923 година. **Место на раѓање:** Област Даи Чопан, провинција Забул, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Пријавен за починат во 2001 година, **(б)** Припаѓал на племето Какар. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Местото на Санани како директор на Дар-ул-Ефта припадна на Вишиот суд во рамки на талибанскиот режим.

(101) Ноор Мохамад Сакиб (Noor Mohammad Saqib).

**Причини за наведување:** Главен судија во Врховниот суд во рамките на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1958 година. **Место на раѓање: (а)** Област Баграми, провинција Кабул, Авганистан, **(б)** Зона Таракел, област Дех Сабз, провинција Кабул, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Ноор Мохамад Сакиб е член на талибанското раководство и шеф на нивниот Комитет за религија, кој дејствува како судски огранок на Талибанците.

(102) **Ехсанула Сарфида Хесамудин Акунзада** (*познат како* **(а)** Ехсантула Сарфади **(б)** Ехсантула Сарфида) **(Ehsanullah Sarfida Hesamuddin Akhundzada** (*alias* **(a)** Ehsanullah Sarfadi **(b)** Ehsanullah Sarfida))

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за безбедност (разузнавање) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1962-1963 година. **Место на раѓање:** Област Гелан, провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Од средината на 2007 година, тој обезбедувал поддршка за Талибанците во форма на оружје и пари, **(б)** Припаѓа на племето Тараки. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Ехсанула Сарфида, исто така, бил Претседател на Талибанската централна банка. Подоцна, тој бил именуван за талибански администратор на освоени провинции. Ехснатула Сарфида бил член на талибанската шура Инер.

Ехснатула Сарфида бил партнер на Ал-Каеда кој обезбедува поддршка за Талибанците во форма на оружје и пари. Тој бил началник на области на провинциите Марја и Хелманд, Авганистан од средината на 2007 година.

(103) **Садудин Сајед** (*познат како* **(а)** Садудин Сајед**, (б)** Садрудин) **(Saduddin Sayyed** (*alias***(a)** Sadudin Sayed, **(b)** Sadruddin)**).**

**Звање: (а)** Маулави, **(б)** Алхаџ**, (в)** Мула. **Причини за наведување: (а)** Заменик министер за работа и социјални прашања на талибанскиот режим, **(б)** Градоначалник на градот Кабул во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање: (а)** Област Чаман, Пакистан; **(б)** Област Спин Болдак, провинција Кандахар, Авганистан. **Други информации: (а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Припаѓа на племето Баракзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Садудин Сајед, исто така, работел како заменик министер за труд и социјални прашања во рамки на талибанскиот режим. Списокот бил ажуриран на 8 март 2001 година за да се вметне таа информација.

(104) Абдул Вали Седики (Abdul Wali Seddiqi).

**Звање:** Кари. **Причини за наведување:** Трет секретар, Талибански генерален конзулат, Пешавар, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1974 година. **Место на раѓање:** Село Зилзилај, област Андар, провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** D 000769 (авганистански пасош издаден на 2.2.1997 година). **Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(105) Абдул Вахед Шафик (Abdul Wahed Shafiq).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик гувернер на провинцијата Кабул (Авганистан) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање:** Провинција Нингархар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(106) Саид Ахмед Шахидкел (Said Ahmed Shahidkhel).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за образование во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1975 година. **Место на раѓање:** Област Андар, провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Во јули 2003 година тој бил во затвор во Кабул, Авганистан, **(б)** Ослободен од затвор во 2007 година, **(в)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(г)** Припаѓа на племето Андар. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(107) **Актар Мохамад Мансур Шах Мохамед** (*познат како* **(а)** Актар Мохамад Мансур Кан Мухамад, **(б)** Актар Мухамад Мансоор, **(в)** Актар Мохамад Мансоор; **(г)** Наиб Имам) (**Akhtar Mohammad Mansour Shah Mohammed** (*alias* **(a)** Akhtar Mohammad Mansour Khan Muhammad, **(b)** Akhtar Muhammad Mansoor, **(c)** Akhtar Mohammad Mansoor, **(d)** Naib Imam)**).**

**Звање:** **(а)** Маулави, **(б)** Мула. **Причини за наведување:** Министер за цивилно воздухопловство и транспорт во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** **(а)** Околу 1960 година, **(б)** 1966 година. **Место на раѓање:** **(а)** Село Банд-е-Тимур, област Мајванд, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** SE-011697 (Број на авганистански пасош издаден на 25 јануари 1988 година во Кабул, истекува на 23 февруари 2000 година). **Други информации:** **(а)** Вклучен во трговија со дрога од 2011 година, првично преку Герд-е-Џангал, Авганистан, **(б)** Активен во провинциите Кост, Пактиа и Пактика, Авганистан од мај 2007 година, **(в)** Талибански „гувернер“ на Кандахарас од мај 2007 година, **(г)** Заменик на Мула Абдул Гани Барадар во Талибанскиот врховен совет од 2009 година, **(д)** Службено лице на Талибанците одговорно за четири јужни провинции на

Авганистан, **(ѓ)** По апсењето на Мула Барадар во февруари 2010 година тој привремено бил задолжен за Талибанскиот врховен совет, **(е)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(ж)** Припаѓа на племето Ишагзај. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Актар Мохамад Мансоур Шах Мохамед е значаен член на талибанското раководство. Тој бил репатриран во Авганистан во септември 2006 година, по притворањето во Пакистан. Тој е вклучен во трговија со дрога и бил активен во провинциите Кост, Пактиа и Пактика во Авганистан од мај 2007 година. Тој, исто така, бил талибански „гувернер" на Кандахар од мај 2007 година.

Тој бил активно вклучен во активности против владата, особено за регрутирање на поединци за Талибанците да се борат против авганистанската влада и Меѓународните сили за безбедносна помош.

Актар Мохамед Мансоур Шах Мохамед бил заменик началник на Врховната талибанска шура од средината на 2009 година. Тој работел како член на Талибанскиот раководен совет и бил назначен за началник за воени прашања на Талибанскиот „совет Герди Џангал" пред да биде именуван како заменик на Мохамед Омар од март 2010 година. Од 2010 година, Актар Мохамад Мансоур Шах Мохамед бил директно одговорен за активностите на Талибанците во четири провинции во јужен Авганистан и бил именуван за директор на Талибанската цивилна шура од почетокот на 2010 година.

(108) **Шамсудин** (*познат како* Пахлаван Шамсудин) **(Shamsuddin** (*alias* Pahlawan Shamsuddin)).

**Звање: (а)** Маулави, **(б)** Кари**. Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Вардак (Мајдан) (Авганистан) во рамките на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање:** Област Кешим, провинција Бадакшан, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(109) **Мохамад Шариф Масоод Мохамад Акбар (Mohammad Sharif Masood Mohammad Akbar)** .

**Причини за наведување:** Заменик директор на полициската академија, Министерство за внатрешни работи во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** 1958 година. **Место на раѓање:** Село Узба, област Џагату, провинција Мајдан Вардак, Авганистан. **Бр. на национална идентификација:** 4156 (Карта за национална идентификација (тазкира) издадена на 13 август 1996 година). **Адреса:** Кошал Кан Мена, Област број 5, Кабул, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Раководител на персонал за заменикот за

административни прашања на Министерството за внатрешни работи Полициска академија на Исламската република Авганистан во Кабул од 2011 година, (б) Припаѓа на племето Масуд. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(110) **Шамс Ур-Рахман Абдурахман** (*познат како* **(а)** Шамсурахман **(б)** Шамс-у-Рахман **(в)** Шамсурахман Абдур-ахман) **(Shams Ur-Rahman Abdurahman** (*alias* **(a)** Shamsurrahman **(b)** Shams-u-Rahman **(c)** Shamsurrahman Abdur-ahman)).

**Звање: (а)** Мула, **(б)** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за земјоделство во рамки на талибанскиот режим. **Место на раѓање:** Село Вака Узбин, област Сароби, провинција Кабул, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации: (а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Вклучен во трговија со дрога, **(в)** Припаѓа на племето Гилзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Од јуни 2007 година, Шамс ур-Рахман Шер Алам бил член на Талибанците одговорен за провинцијата Кабул. Тој бил задолжен за воените активности на Талибанците во и околу Кабул и бил вклучен во повеќе напади.

(111) Абдул Гафар Шинвари (Abdul Ghafar Shinwari).

**Звање:** Аџија. **Причини за наведување:** Трет секретар во Талибанскиот Генерален конзулат во Карачи, Пакистан. **Датум на раѓање:** 29.3.1965 година. **Место на раѓање:** Провинција Нингархар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** D 000763 (издаден на 9.1.1997 година). **Други информации: (а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Припаѓа на племето Сафи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(112) Мохамад Сарвар Сидикмал Мохамад Масоод (*познат како* Мохамад Сарвар Сидикмал) (Mohammad Sarwar Siddiqmal Mohammad Masood (*alias* Mohammad Sarwar Siddiqmal)).

**Причини за наведување:** Трет секретар, Талибанска амбасада, Исламабад, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1963 година. **Место на раѓање:** Област Џани Кел, провинција Пактиа, Авганистан **Национална припадност:** Авганистанец. **Бр. на национална идентификација:** 19657 (авганистанска карта за идентификација (тазкира)). **Други информации:** Припаѓа на племето Мангал. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(113) Шер Мохамад Абас Станекзаи Падшах Кан (Sher Mohammad Abbas Stanekzai Padshah Khan)

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** **(а)** Заменик министер за јавно здравје во рамки на талибанскиот режим, **(б)** Заменик министер за надворешни прашања во рамки на талибанскиот режим**. Датум на раѓање:** Околу 1963 година. **Место на раѓање:** Кала-е-Абас, зона Шах Мазар, област Бараки Барак, провинција Логар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(114) Ахмад Таха Калид Абдул Кадир (Ahmad Taha Khalid Abdul Qadir).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Пактиа (Авганистан) во рамките на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1963 година. **Место на раѓање:** **(а)** Провинција Нангархар, Авганистан, **(б)** Провинција Кост, Авганистан, **(в)** Село Сидик Кел, област Нака, провинција Пактиа, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Талибански член одговорен за провинцијата Нангархар од 2011 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан; **(в)** Припаѓа на племето Задран. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Таха, исто така, работел во рамки на талибанскиот режим како гувернер на провинцијата Кунар кон крајот на 2001 година. Тој бил задолжен за провинцијата Вардак за Талибанците од септември 2009 година.

(115) **Тахис** (*познат како* Тахиб) **(Tahis** (*alias* Tahib)).

**Звање:** Аџија. **Причини за наведување:** Заменик министер за цивилно воздухопловство во рамки на талибанскиот режим. **Национална припадност:** Авганистанец. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

(116) Абдул Ракиб Такари (Abdul Raqib Takhari).

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Министер за репатријација во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Помеѓу 1968 и 1973 година. **Место на раѓање:** Провинција Такар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Член на Талибанскиот врховен совет одговорен за провинциите Такар и Бадакшан од декември 2009 година, **(б)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан, (б) Припаѓа на етничката група Таџик. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(117) **Валиџан (Walijan).**

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Гувернер на провинцијата Џавзјан (Авганистан) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на**

**раѓање:** Околу 1968 година. **Место на раѓање:** **(а)** Кета, Пакистан; **(б)** Провинција Нимроз, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Член на Талибанската шура Герд-е-Џангал и раководител на талибанскиот комитет за затвореници и бегалци, **(б)** Припаѓа на племето Ишакзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(118) **Назирула Ханафи Валиула** (*познат како* Назирула Аанафи Валиула) **(Nazirullah Ahanafi Waliullah** (*alias* Nazirullah Aanafi Waliullah)**).**

**Звање:** **(а)** Маулави, **(б)** Аџија. **Причини за наведување:** Комерцијално аташе, Талибанска амбасада, Исламабад, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1962 година. **Место на раѓање:** Област Спин Болдак, провинција Кандахар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** D 000912 (авганистански пасош издаден на 30.6.1998 година). **Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(119) **Абдул-Хак Васик** (*познат како* Абдул-Хак Васек) **(Abdul-Haq Wasiq** (*alias* Abdul-Haq Wasseq)**).**

**Звање:** Маулави. **Причини за наведување:** Заменик министер за безбедност (разузнавање) во рамки на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** **(а)** Околу 1975 година, **(б)** 1971 година. **Место на раѓање:** Провинција Газни, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Од 2011 година во затвор во Соединетите Американски Држави. **Датум на посочување од страна на ОН:** 31.1.2001 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Абдул-Хак Васик е здружен со Гулбудин Хекматјар. Во рамки на талибанскиот режим, тој неколку пати по ред бил локален командант во провинциите Нимроз и Кандахар. Тогаш станал заменик генерален директор за разузнавање, кој поднесува извештаи до Кари Ахмадула. Со оваа функција, тој бил задолжен за странските борци поврзани со Ал-Каеда и нивните кампови за обука во Авганистан. Тој, исто така, бил познат за неговите репресивни методи против противниците на Талибанците на југот на Авганистан.

(120) Мохамад Џавад Вазири (Mohammad Jawad Waziri).

**Причини за наведување:** Оддел на ОН, Министерството за надворешни работи во рамки на талибанскиот режим. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан**,** **(б)** Припаѓа на племето Вазир**.** **Датум на посочување од страна на ОН:** 23.2.2001 година.

(121) **Санген Задран** (*познат како* **(а)** Сангин **(б)** Сангин Задран **(в)** Сангеен Кан Задран **(г)** Сангеен **(д)** Фатех) **(Sangeen Zadran** (*alias* **(a)** Sangin **(b)** Sangin Zadran **(c)** Sangeen Khan Zadran **(d)** Sangeen e) Fateh)).

**Звање: (а)** Маулави (алтернативно пишување: Маулви) **(б)** Мула. **Датум на раѓање: (а)** Околу 1976 година, **(б)** Околу 1979 година. **Место на раѓање:** Танг Стор Кел, област Зирук, провинција Пактика, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Гувернер во сенка за провинцијата Пактика, Авганистан и командант на мрежата Хакани, група на војници која е блиска на талибанците и дејствува во пограничната област Авганистан/Пакистан. Главен заменик на Сираџудин Лалалоудине Хакани. **Датум на посочување од страна на ОН:** 16.08.2011 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Санген Задран е бунтовнички лидер во провинцијата Пактика, Авганистан и командант на мрежата Хакани. Мрежата Хакани, група на војници коај е блиска до талибанците и дејствува во пограничната област помеѓу Авганистан и Пакистан, ги зазема првите позиции во бунтовничката активност во Авганистан, одговорен за повеќе напади на високи функционери. Задран дејствува како главен заменик на лидерот на мрежата Хакани, Сираџудин Хакани.

Санген Задран помага при водењето на борците во напади преку територијата на југоисточен Авганистан и се смета дека го планирал и координирал движењето на странски борци во Авганистан.Санген Задран, исто така, бил вклучен во бројни напади со импровизирани експлозивни уреди (ИЕУ).

Освен неговата улога во овие напади, Санген Задран, исто така, бил вклучен во киднапирање на авганистанци и странски државјани во пограничниот регион помеѓу Авганистан и Пакистан.

(122) **Абдул Рахман Захед** (познат како Абдул Рехман Захид) **(Abdul Rahman Zahed** (*alias* Abdul Rehman Zahid)**).**

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** Заменик министер за надворешни работи на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** Околу 1963 година. **Место на раѓање:** Област Карвар, провинција Логар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(123) Мохамад Захид (Mohammad Zahid).

**Звање:** Мула. **Причини за наведување:** Трет секретар, Талибанска амбасада, Исламабад, Пакистан. **Датум на раѓање:** 1971 година. **Место на раѓање:** Провинција Логар, Авганистан. **Национална припадност:** Авганистанец. **Број на пасош:** D 001206 (издаден на 17.7.2000 година).

**Други информации:** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 25.1.2001 година.

(124) **Фаизула Кан Ноорзаи** (*познат како:* **(а)** Аџи Фаизула Кан Ноорзаи, **(б)** Аџи Фаизула Кан Норезаи, **(в)** Аџи Фаизула Кан, **(г)** Аџи Фаизула, **(д)** Аџи Фаизула Ноори, **(ѓ)** Аџи Фаизула Ноор, **(е)** Фаизула Ноорзаи Актар Мохамед Мира Кан, **(ж)** Аџи Пазула Ноорзаи, **(з)** Аџи Мула Фаизула) (**Faizullah Khan Noorzai** (*alias*: **(a)** Hajji Faizullah Khan Noorzai, **(b)** Haji Faizuulah Khan Norezai, **(c)** Haji Faizullah Khan, **(d)** Haji Fiazullah, **(e)** Haji Faizullah Noori, **(f)** Haji Faizullah Noor, **(g)** Faizullah Noorzai Akhtar Mohammed Mira Khan **(h)** Haji Pazullah Noorzai, **(i)** Haji Mullah Faizullah)).

**Звање:** Аџија. **Адреса:** Улица Богра, село Миралзеи, провинција Чаман Балучистан, Пакистан. **Датум на раѓање: (а)** 1962 година**, (б)** 1961 година, **(в)** помеѓу 1961 и 1968 година. **Место на раѓање: (а)** Лови Кариз, област Спин Болдак, провинција Кандахар, Авганистан, **(б)** Каданај, област Спин Болдак, провинција Кандахар, Авганистан. Национална припадност: Авганистанец. **Други информации: (а)** Истакнат финансиер на Талибанците. **(б)** Од средината на 2009 година, набавувал оружје, муниција, експлозиви и медицинска опрема за талибанските борци; собирал финансиски средства за Талибанците и им обезбедувал обука во пограничната област Авганистан/Пакистан. **(в)** Претходно организирал и финансирал активности на Талибанците во провинцијата Кандахар, Авганистан. **(г)** Од 2010 година, патувал во и поседувал трговски претпријатија во Дубаи, Обединети Арапски Емирати и Јапонија. **(д)** Припаѓа на племето Ноорзаи, потплеме Миралзаи. **(ѓ)** Брат на Малик Ноорзаи. **(е)** Татково име е Актар Мохамед (*познат како*: Аџи Мира Кан) (Akhtar Mohammed (*alias*: Haji Mira Khan)). **Датум на посочување од страна на ОН:** 04.10.2011 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Фаизула Ноорзаи Актар Мохамед Мира Кан работел како истакнат талибански финансиер со кој високите талибански лидери инвестирале финансиски средства. Тој собрал преку 100 000 УСД за Талибанците од донатори во Заливот, а во 2009 година дал дел и од неговите сопствени пари. Тој, исто така, финансиски го поддржувал талибанскиот командант во провинција Кандахар и обезбедил средства за поддршка на обуката на талибанските и борците на Ал-Каеда кои требало да извршуваат напади против коалициските и авганистанските воени сили. Од средината на 2005 година, Фаизула организирал и финансирал активности на Талибанците во провинцијата Кандахар, Авганистан. Освен неговата финансиска поддршка, Фаизула на друг начин ги олеснувал обуките и активностите на Талибанците. Од средината на 2009 година, Фаизула набавувал оружје, муниција, експлозиви и медицинска опрема за талибанските борци од јужен Авганистан. Во средината на 2008 година, Фаизула бил одговорен за сместување на талибански бомбаши-самоубијци и нивно преселување од Пакистан во Авганистан. Фаизула,

исто така, им обезбедил противавионски проектили на Талибанците, помогнал да се префрлат талибанските борци околу провинцијата Хелманд, Авганистан, ги олеснил талибанските самоубиствени бомбашки активности и им дал радио врски и возила на талибанските членови во Пакистан.

Од средината на 2009 година, Фаизула управувал со мадраса (религиозно училиште) во пограничната област Авганистан/Пакистан, каде биле собрани десетици илјади долари за Талибанците. Просториите на мадрасата на Фаизула биле користени за да се обезбеди обука за талибанските борци за составувањето и употребата на импровизирани експлозивни уреди (ИЕУ). Кон крајот на 2007 година, мадрасата на Фаизула била употребена за обука на борци на Ал-Каеда кои подоцна биле испратени во провинцијата Кандахар, Авганистан.

Во 2010 година, Фаизула водел канцеларии и веројатно поседувал имоти, вклучително и хотели во Дубаи, Обединети Арапски Емирати. Со неговиот брат, Малик Ноорзаи, Фаизула редовно патувал во Дубаи и Јапонија за да увезуваат автомобили, делови за автомобили и облека. Од почетокот на 2006 година, Фаизула поседувал трговски претпријатија во Дубаи и Јапонија.

(125) **Малик Ноорзаи** (*познат како*: **(а)** Аџи Малик Ноорзаи, **(б)** Аџи Малак Ноорзаи, **(в)** Аџи Малек Ноорзаи, **(г)** Аџи Малук, **(д)** Аџи Аминула) (**Malik Noorzai** (*alias*: **(a)** Hajji Malik Noorzai, **(b)** Hajji Malak Noorzai, **(c)** Haji Malek Noorzai, **(d)** Haji Maluk, **(e)** Haji Aminullah)).

**Звање:** Аџија. **Датум на раѓање:** **(а)** 1957 година, **(б)** 1960 година. **Национална припадност:** Авганистанец. **Други информации:** **(а)** Финансиер на Талибанците. **(б)** Поседувал трговски дејности во Јапонија и често патувал во Дубаи, Обединети Арапски Емирати и Јапонија. **(в)** Од 2009 година, ги олеснувал активностите на Талибанците, вклучително и преку регрутирање и обезбедување на логистичка поддршка. **(г)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **(д)** Припаѓа на племето Ноорзаи. **(ѓ)** Брат на Фаизула Кан Ноорзаи. **Датум на посочување од страна на ОН:** 04.10.2011 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Малик Ноорзаи е деловен човек со седиште во Пакистан кој обезбедувал финансиска поддршка за Талибанците. Малик и неговиот брат, Фаизула Ноорзаи Актар Мохамед Мира Кан, инвестирале милиони долари во различни трговски дејности за Талибанците. Кон крајот на 2008 година, претставници на Талибанците се поврзале со Малик како деловен човек со кој би ги инвестирале финансиските средства на Талибанците. Најрано од 2005 година, Малик, исто така, лично придонесувал десетици илјади долари и распределувал стотици илјади долари на Талибанците, од кои дел биле собрани од донатори во регионот на Заливот и Пакистан и дел биле сопствени пари на Малик. Малик, исто така, управувал со „хавала“ сметка во Пакистан каде примал десетици илјади долари на

неколку месеци редовно префрлувани од Заливот, за поддршка на активностите на Талибанците. Малик, исто така, ги олеснувал активностите на Талибанците. Од 2009 година, Малик 16 години работел како главен чувар на мадраса (религиозно училиште), во пограничниот регион Авганистан/Пакистан, која била употребувана од страна на Талибанците за поучување и обучување на регрути. Покрај другите работи, Малик ги доставувал финансиските средства кои ја поддржувале мадрасата. Малик, заедно со неговиот брат, исто така играл улога при чување возила кои требало да се користат за самоубиствени бомбашки активности и помогнал да се преместат талибанските борци околу провинцијата Хелманд, Авганистан. Малик поседува трговски дејности во Јапонија и често ги посетува Дубаи и Јапонија поради работа. Од почетокот на 2005 година, Малик поседувал трговска дејност за увоз на возила во Авганистан при што се увезувале возила од Дубаи и Јапонија. Тој увезувал автомобили, делови за автомобили и облека од Дубаи и Јапонија за неговите трговски дејности во кои инвестирале двајца талибански командири. Кон средина на 2010 година, Малик и неговиот брат го обезбедиле ослободувањето на стотици товарни контејнери, кои наводно вредат милиони долари, кои пакистанските власти ги заплениле претходно истата година бидејќи сметале дека примателите имаат врска со тероризам.

(126) **Абдул Азиз Абасин** (*познат како:* Абдул Азиз Махсуд) (**Abdul Aziz Abbasin** (*alias*: Abdul Aziz Mahsud).

**Датум на раѓање:** 1969 година. **Место на раѓање:** Село Шејкан, зона Пирковти, област Оргун, провинција Пактика, Авганистан. **Други информации:** **(а)** Клучен командант во мрежата Хакани под власт на Сирацудин Цалалудин Хакани. **(б)** Талибански гувернер во сенка на обласата Оргун, провинција Пактика, Авганистан од почетокот на 2010 година. **(в)** Раководел со камп за обука за борци кои не се од Авганистан во провинцијата Пактика. **(г)** Бил вклучен во транспорт на оружје во Авганистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 04.10.2011 година.

**Дополнителни информации од наративниот преглед на причините за наведување обезбедени од страна на Комитетот за санкции:**

Абдул Азиз Абасин е клучен командант во мрежата Хакани, група на милитанти поврзана со Талибанците која работи од агенцијата за Источен Авганистан и Северен Вазиристан во Федерално управуваните племенски области на Пакистан. Од почетокот на 2010 година, Абасин примал наредби од Сирацудин Хакани назначен од него да служи како талибански гувернер во сенка на обласата Оргун, провинција Пактика, Авганистан. Абасин раководи со група на талибански борци и му помагал при водењето на камп за обука за странски борци кои се наоѓаат во провинцијата Пактика. Абасин, исто така, бил вклучен во заседи на автомобили со кои ги снабдувале силите на авганистанската влада и во транспорт на оружје во Авганистан.

(127) **Ахмад Зиа Ага** (*познат како* **(а)** Зиа Ага (б) Ноор Ахмад (в) Ноор Ахмед (г) Сиа Ага Сајеед) (**Ahmad Zia Agha** (*alias* **(a)** Zia Agha (**b)** Noor

Ahmad (**c**) Noor Ahmed (**d**) Sia Agha Sayeed))

**Звање:** Аџија. **Датум на раѓање:** 1974 година. **Место на раѓање:** Област Мајванд, провинција Кандахар, Авганистан. **Други информации:** **(а)** Висок талибански службеник со воени и финансиски одговорности од 2011 година, (б) Лидер на Талибанскиот воен совет од 2010 година, (в) Во 2008 и 2009 година, работел како талибански финансиски службеник и распределувал пари на талибанските команданти во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 6.1.2012 година.

(128) **Фазл Раби** (*познат како* **(а)** Фазл Рабби **(б)** Фазал Раби **(в)** Фаисал Рабби) **(Fazl Rabi** (*alias* **(a)** Fazl Rabbi **(b)** Fazal Rabi **(c)** Faisal Rabbi))

**Причини за наведување:** Висок службеник во провинцијата Конар во текот на талибанскиот режим. **Датум на раѓање:** **(а)** 1972 година, **(б)** 1975 година. **Место на раѓање:** **(а)** Област Кохе Сафи, провинција Парван, Авганистан, **(б)** Провинција Каписа, Авганистан, **(в)** Провинција Нангархар, Авганистан, **(г)** Провинција Кабул, Авганистан. **Други информации:** **(а)** Претставува и обезбедува финансиска и логистичка поддршка за мрежата Хакани, која е со седиште во пограничната област Авганистан/Пакистан, **(б)** Член на Талибанскиот финансиски совет, **(в)** Патувал надвор од земјата за да собере финансиски средства во име на Сираџудин Џалалудин Хакани, Џалалудин Хакани, мрежата Хакани и Талибанците, **(г)** Се смета дека се наоѓа во пограничната област Авганистан/Пакистан. **Датум на посочување од страна на ОН:** 6.1.2012 година.

(129) **Мохамад Аман Акунд** (*познат како* **(а)** Мохамед Аман, **(б)** Мула Мохамед Оман **(в)** Мула Мад Аман Устад Ноорзаи **(г)** Санаула) (**Mohammad Aman Akhund** *(alias* **(a)** Mohammed Aman **(b)** Mullah Mohammed Oman **(c)** Mullah Mad Aman Ustad Noorzai **(d)** Sanaullah))

**Датум на раѓање:** 1970 година. **Место на раѓање:** Село Банде Тумур, област Мајванд, провинција Кандахар, Авганистан. **Други информации:** **(а)** Висок талибански член од 2011 година со финансиски обврски, вклучувајќи собирање финансиски средства во име на раководството, (б) Обезбедувал логистичка поддршка за активностите на Талибанците и ги насочува приходите од трговија со дрога за купување оружје, (в) Дејствувал како секретар на талибанскиот лидер Мула Мохамед Омар и како негов курир на состаноците на Талибанците на високо ниво, (г) Исто така, поврзан е со Гул Ага Ишакзаи, (д) Член на тесниот круг на Мула Мохамед Омар во текот на талибанскиот режим. **Датум на посочување од страна на ОН:** 6.1.2012 година.

(130) **Ахмед Џан Вазир** (*познат како* **(а)** Ахмед Џан Кучи **(б)** Ахмед Џан Задран) **(Ahmed Jan Wazir** (*alias* **(a)** Ahmed Jan Kuchi **(b)** Ahmed Jan Zadran))

**Причини за наведување:** Службеник во Министерството за финансии